Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневни настани 27.09.2024

СВР Струмица, до Основното јавно обвинителство Струмица, поднесе кривична пријава против Б.Ц.(40) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување" по член 353 од Кривичниот законик. Пријавениот, во својство на поранешен вршител на должноста директор на Казнено – поправната установа Затвор Струмица", во текот на 2021, 2022 и 2023 година на затворските полицајци им наредувал и им се заканувал, надвор од законските прописи, да ги ослободуваат од затвор осудените лица Л.К., Ѓ.В. и Г.Т.. Имено, тројцата осуденици користеле погодности кои не ги следувале и не биле присутни во Затвор Струмица и по еден месец, а во евидентната книга, по наредба да пријавеност, било заведувано дека осудените лица биле присутни во затворот. Во книгата за влез и излез од затворот, осудените лица не биле секогаш заведувани и по наредба на пријавеност се вршело бришење со коректор во книгата на другите заведени осудени лица, а на нивно место се пишувал Л.К.. Исто така, Л.К. се водел во затворот иако во моментот бил надвор од државата.

На 27.09.2024 во 01.30 часот, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода С.А.(22) од Прилеп. Тој бил затекнат при извршување „тешка кражба" во куќа во Прилеп, при што кај него била пронајдени одземените предмети и биле вратени на сопственикот. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.09.2024 во 19.00 часот на улица „Преспанска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода И.Х.(49) од Тетово затоа што кај него бил пронајден и одземен кокаин. Тој е задржан во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 27.09.2024 во 00.10 часот на ул.„Александар Македонски" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода И.Ц.(26) од Прилеп затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.09.2024 во 18.00 часот на Граничниот премин Деве Баир, на влез во државата, полициски службеници го лишиле од слобода Е.С.(60) од Република Турција затоа што при извршена пасошка контрола било констатирано дека меѓународните зелени карти за осигурување на товарното возило кое го управувал, како и за полуприколката, биле фалсификувани. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

Отсекот за прекуграничен криминал и миграции при Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против Б.С.(50) од Република Турција поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" по член 378 од Кривичниот законик. Пријавениот поднел барање за одобрување на привремен престој во државата по основ на вработување во градежна фирма, по што била спроведена постапка. По извршена дополнителна проверка и при увид во приложената турска патна исправа на лицето било констатирано дека има втиснато влезно излезни штембили чии кодови не совпаѓаат со безбедносниот код на штембилите за пасошка контрола на Регионалниот центар за гранични работи Север, односно лицето не евидира со остварен влез/излез од државата.

На 26.09.2024 во 15.40 часот во СВР Тетово било пријавено дека на регионален пат Тетово - Јажинце, во с.Порој, патничко возило „фолксваген туарег" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Б.С.(35) од с.Цепчиште, удрило во пешакот А.С.(86) од с.Порој. Во несреќата, со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Клиничка болница Тетово. Увид на местото извршила екипа од СВР Тетово.

На 26.09.2024 околу 18.50 часот во СВР Тетово било пријавено дека на булевар „Илинденска" во Тетово се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл „пиаџо" со тетовски регистарски ознаки, управуван од В.Р.(44) од с.Мала Речица, тетовско и патничко возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Р.И.(50) од с.Милетино, тетовско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мотоциклот, констатиран во Клиничка болница Тетово. Увид на местото извршила екипа од СВР Тетово.

На 27.09.2024 во 02.00 часот во ОВР Гостивар било пријавено дека на крстосница од улица „Боге Велјаноски" со улица „Питарница" во Гостивар, патничко возило „опел корса" со албански национални ознаки, управувано од А.Л.(51) од Република Албанија, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатиран во Медицински центар во Гостивар. Увид на лице место извршила екипа од ОВР Гостивар.

На 26.09.2024 во 16.45 часот во СВР Битола било пријавено дека на ул.„Васко Карангелески" во Битола, А.И.(21) од Битола, управувајќи мотоцикл „јамаха" со битолски регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал. Во несреќата, со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатиран во Клиничка болница Битола.

На 26.09.2024 во 13.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул.„Џон Кенеди", ул. „Цветан Димов" и бул.„Христијан Тодоровски Карпош", патничко возило „фолксваген" со скопски регистарски ознаки, управувано од И.К.(31) од с.Блаце, скопско, удрило во малолетен пешак од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетникот, констатиран во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" во Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје.

На 26.09.2024 во периодот од 21.30 до 22.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Шар планина" во Скопје, патничко возило „даеву" со скопски регистарски ознаки, управувано од К.П.(72) од Скопје, излетало од коловозот. Од здобијените повреди, на местото на несреќата починал К.П., а лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е дадено за одбукција.

На 26.09.2024 во 14.30 часот во Полициска станица Чаир, Д.В.(44) од Скопје пријавил дека на ул. „Скоевска" во Скопје бил каснат од куче скитник.

СВР Велес поднесе кривична пријава против В.С.(42) од Гостивар и правно лице од с.Долна Бањица, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 04.09.2024, полициски службеници извршиле контрола на товарно возило „ман", управувано од пријавениот, а сопственост на пријавеното правно лице, при што било констатирано дека вршел јавен превоз без да поседува лиценца.

Регионален центар за Гранични работи Исток поднесе кривична пријави против К.Ф.(27) од Република Турција поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 24.09.2024 на Граничниот премин Деве Баир, пријавениот приложил фалсификувана меѓународна зелена карта за осигурување од автодоговорот за товарното возило кое го управувал.

Регионален центар за Гранични работи Исток поднесе кривична пријава против К.М.(35) од Косово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 24.09.2024 на Граничниот премин Деве Баир, пријавениот на увид приложил фалсификувана косовска возачка дозвола.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Љ.Т.(67) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности". Пријавениот, во својство на инвеститор на катастарска парцела во државна сопственост во Љубаништа, изградил метална ограда без да поседува решение за градење.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.П.(57), Р.П.(35), И.П(34) и А.П.(31), сите од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности". На дрвјата имот во с.Трпеја, охридско, каде сопственици се пријавените, бил пробиен пат со помош на механизација, при што била уништена вегетација спротивно на условите на Јавната установа – Национален парк „Галичица".

На 27.09.2024 во 01.00 часот полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода А.А.(29) од село Лопате, кумановско поради сомнение дека вчера од деловен објект во село Костурник, кумановско, одзел повеќе предмети. А.А. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 26.09.2024 во 19.00 часот во Дебар, полициски службеници од ОВР Дебар ги лишиле од слобода А.Ц. (19) и Ј.К.(19), двајцата од Дебар. При преглед во патничко возило „лежо" со дебарски регистарски ознаки, во кое се превезувале, извршен на пресекот на улиците „Јусуф Грвала" и „Мојси Големи" во Дебар, полициските службеници пронашле и одзедоа кеса со марихуана. Исто така, при преглед кај А.Ц., пронајдено и одземено е пакување со марихуана. По целосно документирање на настанот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.09.2024 во Полициска станица Свети Николе, О.С. од Свети Николе пријавил дека околу 16.30 часот, додека со трактор ја орал нивата во атар на с.Јринлиште, пронашол корозирана минофрлачка граната од Втората светска војна. Од страна на Дирекцијата за заштита и спасување гранатата е безбедно подигната.

На 26.09.2024 во 23.40 часот на улица „Илинденска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Љ.Ј.(28) од Тетово. Околу 22.00 часот, тој бил пријавен дека малолетник од Тетово дека го нападнал со остар предмет и му нанел тешка телесна повреда. Тој е задржан во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 26.09.2024 во 10.00 часот, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода извршиле службен разговор со В.К.(38) од Скопје, постапувајќи по претходна пријава дека на 21.09.2024 во викенд куќа на подрачјето на општина Петровец физички ја нападнал сојата 30-годишна сопруга, а потоа со тврд предмет го оштетил нивното патничко возило. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.09.2024 во СВР Скопје било пријавено дека околу 19.20 часот на ул.„Скупи" во Скопје, И.С.(49) од Волково, скопско, М.П.(52) од Скопје и Г.М.(56) од Скопје, тројцата комунални редари во Град Скопје, биле физички нападнати од повеќе лица, кои употребиле метални предмети, при што оштетиле и едно возило на Град Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 26.09.2024 во 19.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје починал М.Д.(47) од Куманово. Имено, на 22.09.2024 пред стадионот на ФК „Башкими" на ул. „Братство Единство" во Куманово, М.Д. паднал и со главата удрил во земјената површина, по што неговиот брат и полициски службеници го пренеле во болницата во Куманово за укажување помош. Откако му била укажана помош, М.Д. бил приведен затоа што за него имало судска наредба за приведување, по што бил препратен во Комплексот клиники во Скопје. По наредба на јавен обвинител од ОЈО Куманово, телото на починатиот било дадено на одбукција.

Денеска (27.09.2024) во 04.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Карпошево востание" во Скопје настанал пожар во паркирано патничко возило „тојота корола" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Д.А.(42) од Скопје. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 26.09.2024 во 15.20 часот во СВР Штип, Л.Р.(48) од Штип пријавил дека околу 13.30 часот на работното место во круг на приватна фабрика во Штип бил физички нападнат од З.С.(41) од Штип. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.09.2024 во 21.30 часот во СВР Скопје, М.А.(43) од с.Стајковци, скопско, пријавила дека околу 21.00 часот на подрачјето на Гази Баба била физички нападната од нејзиниот сосед Љ.С.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.09.2024 во 17.45 часот во СВР Скопје, Б.Т.(41) од Скопје пријавил дека на 22.09.2024 околу 03.15 часот во куќа на подрачјето на општина Аеродром во Скопје бил физички нападнат од три лица кои ги познавал и кои притоа му одзеле пари. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 26.09.2024 во 19.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје ги привеле Н.Ц.(50) и С.М.(49) затоа што на подрачјето на општина Аеродром го нарушиле јавниот ред и мир со агресивно однесување кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија и затоа што претходно С.М. физички и со дрвен предмет ја нападнала соседката С.Х.(37). По целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против И.С.(37) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 30.05.2024 во сендвичара во Скопје, пријавениот со закана со остар предмет кон вработените одзел пари од дневниот промет.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка, поднесе кривична пријава против Н.А.(46) од Крива Паланка поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" во врска со семејно насилство. На 17.09.2024 во семејна куќа во Крива Паланка, пријавениот физички ја нападнал неговата ќерка.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.Ц.(52) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување". Пријавениот, од компанија за изнајмување на возила, изнајмил патничко возило „киа", кое не го вратил според договорот и се стекнал со противправна имотна корист од 979.530 денари.